Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 95, 24 јануари 2013 година

јануари 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле регулација и управување со технолошки процеси, наставно-научна област моделирање симулација и анализа на комплексни контролни системи и техники за контрола и управување на диксонтинуирани и континуирани процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле електротехника, наставно-научни области електротехника и електроенергетика на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област гастрономија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област туристичка промоција Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент/насловен вонреден професор во научната област Казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 29

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 34

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ/ПОЛЕ ФУНДАМЕНТАЛНИ МЕДИЦИНСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип на својата 76. седница, одржана на 22.8.2012 година, донесе Одлука бр. 2502-171/20 за распишување на Конкурс за избор на ***асистент*** за научна област/поле ***фундаментални медицински науки*** на Факултетот за медицински науки во Штип. На 18.10.2012 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-207/6 и Решение бр. 2502-207/20 (претседател), 2502-207/21 (член) и 2502-207/22 (член) за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент за научна област/поле *фундаментални медицински науки* на Факултетот за медицински науки во Штип, во следниот состав:

- проф. д-р Милка Здравковска, вонреден професор, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, вонреден професор, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- проф. д-р Тане Маркоски, редовен професор, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 5.10.2012 година.

Врз основа на пријавата и доставената документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот Конкурс од 5.10.2012 година за избор на асистент за научна област/поле *фундаментални медицински науки* на Факултетот за медицински науки се пријави еден кандидат – помлад асистент д-р Марина Данилова.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Марина Данилова** е родена на 13 септември 1980 година во Штип. Основно и средно медицинско образование завршува во Штип. Дипломира на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје во 2006 година, со просек 9,1. Запишана е на постдипломски студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет во Скопје и во тек е изработката на магистерскиот труд. Во текот на март и април 2007 година работи на проектот „Медицинска мапа“ при Министерството за здравство на Р. Македонија, финансиран од Светска банка, како теренски истражувач и работи на средување и анализирање на податоци. Од јули 2007 година работи како помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Автор и коавтор е на неколку трудови, а коавтор е и на неколку скрипти за интерна употреба за студентите на Факултетот за медицински науки.

Има завршено седми степен по англиски јазик во Центарот за странски јазици „Challenge“ во Скопје и курс за административно работење (Microsoft Windows, Microsoft Word, Microsoft Excel, Microsoft PowerPoint and Internet) во компјутерскиот центар „Клик“ во Скопје.

Член е на Македонското здружение за дебелина и Општинската организација на Црвениот крст во Штип, каде што активно учествува во разни активности за превенција на здравјето.

**Наставна дејност**

Од 2007 година работи како помлад асистент на наставно-научно подрачје *фундаментални медицински науки* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Ангажирана е на следните предмети: Биостатистика со информатика, Епидемиологија и јавно здравство, Заштита при работа во лабораторија, Организација на лабораториска служба со лабораториска документација, Социјална медицина, Методологија во научноистражувачка работа во здравство, Вовед во медицината, Основи на јавно здравство, Организација на здравствената служба, Хигиена со медицинска екологија.

**Авторски скрипти**

- Биостатистика со информатика, Марина Данилова, интерен практикум за студентите на Факултетот за медицински науки, 2008.

**Коавторски скрипти**

- Организација на здравствената служба, Никола Камчев, Марина Данилова, интерна скрипта за студентите на Факултетот за медицински науки, 2009.
- Основи на јавно здравство, Ѓорѓи Шуманов, Марина Данилова, интерна скрипта за студентите на Факултетот за медицински науки, 2009.
- Вовед во медицината, Ѓорѓи Шуманов, Марина Данилова, интерна скрипта за студентите на Факултетот за медицински науки, 2008.
- Социјална медицина, Ѓорѓи Шуманов, Марина Данилова, интерна скрипта за студентите на Факултетот за медицински науки, 2008.
- Современи дијагностички методи во медицината, Никола Камчев, Марина Данилова, Мелса Стефанова, Евица Бојаџиева, интерна скрипта за студентите на Високата здравствена школа, 2008.
- Геријатрија, Никола Камчев, Марина Данилова, Мелса Стефанова, интерна скрипта за студентите на Високата здравствена школа, 2008.
- Имунологија, Никола Камчев, Марина Данилова, Мелса Стефанова, интерна скрипта за студентите на Високата здравствена школа, 2008.
- Заштита при работа во лабораторија, Никола Камчев, Марина Данилова, Мелса Стефанова, интерна скрипта за студентите на Високата здравствена школа, 2007.

**Учество на обуки и семинари**

NATO Advanced Study Institute, Environmental security assessment and management of obsolete pesticides in southeast Europe, ISEG.EAR.ASI.984419, supported by: The NATO Science for Peace and Security Programme, $11^{th}$-$17^{th}$ September, 2012, Varna-Bulgaria.

XII семинар за квалитет, контрола, информатика и заштита во медицинска лабораториска дијагностика, во организација на Македонско лабораториско здружение, 21-24 јуни 2012, Охрид.

Школа за практикување медицина базирана на докази, Модул 1, 17-18 март 2012.

Обука „Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес“, јули 2011, Центар за е-учење, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип.

Работилница во организација на Македонско здружение за контрола на интрахоспитални инфекции, 16-17 јуни 2011, Охрид.

XI семинар за квалитет, контрола, информатика и заштита во медицинска лабораториска дијагностика, во организација на Македонско лабораториско здружение, 15-19 јуни 2011, Охрид.

Интернационална летна школа “Methods and Prevention in Social work within Mental Health System”, 17-22th august Ohrid, 2010.

X семинар за квалитет, контрола, информатика и заштита во медицинска лабораториска дијагностика, во организација на Македонско лабораториско здружение, 17-20 јуни 2010, Охрид.

Стручно усовршување во Нирнберг, Германија, 13.01-27.01.2010, во клиниката и превентивниот здравствен дом во Нирнберг реализирано преку DAAD-проектот.

Работилница за лекарскиот волонтерски кадар на Црвен крст за пандемиска инфлуенца, 6.12.2009.

Интернационална летна школа “Visions, projects and what is going on in Mental Health in South East Europe”, 21-27 август 2009, спонзорирано од Германија.

Обука „Учење со технологија“ реализирана во соработка со Фулбрајт програмата.

IX семинар за квалитет, контрола, информатика и заштита во медицинска лабораториска дијагностика, во организација на Македонско лабораториско здружение, 18-21 јуни 2009, Охрид.

Postgraduate training course with lectures and seminars by Prof. dr. Doris Bardehle, University of Bielefeld, Epidemiology and International Public Health, Germany, Certificate, 22-28.03.2007, Skopje, (International Health Databases, Health reporting systems in Europe, Criteria for good Health Reports, Health Indicator Sets, indicator comparability, Minimum Health Indicator Sets for SEE Countries and ICD-10 Clasification and Definitions).

**Објавени трудови**


1. Здравковска М., Блажевска А., Шуманов Ѓ., **Данилова М**., ИНФОРМИРАНОСТА И ЗАДОВОЛСТВОТО ОД ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНИТЕ АМБУЛАНТИ ВО СКОПЈЕ, 3 Конгрес на лекарите по општа медицина на Р.Македонија со меѓународно учество, Охрид, 26-29 април 2012 година, Зборник на апстракти, Македонски медицински преглед, Год:66 (supl.80), стр.38
2. Здравкова В., Серафимов А., **Данилова М**., ИСПИТУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНИТЕ ХЕМИСФЕРНИ АСИМЕТРИИ КАЈ ДЕЦА СО РАЗЛИЧЕН ТИП НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ИНСУФИЦИЕНЦА, 3. конгрес на лекарите по општа медицина на Р.Македонија со меѓународно учество, Охрид, 26-29 април 2012 година, Зборник на апстракти, Македонски медицински преглед, Год:66 (supl.80), стр.215.
3. Kamcev N. **Danilova M**., Ivanovska V, Kamceva G., Velickova N., Richter K., GENERAL OVERVIEW OF THE HEALTHCARE SYSTEM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA (FYROM): HEALTHCARE INDICATORS, ORGANISATION OF HEALTHCARE SYSTEM AND ITS CHALLENGES, in Book “Healthcare Overview: New Perspectives”, Editor: Vincenzo Costigliola in the Book Series “Advances in Predictive, Preventive and Personalised Medicine”, ISSN 2211-3495 ISSN 2211-3509 (electronic), ISBN 978-94-007-4601-5 ISBN 978-94-007-4602-2 (e-Book), DOI 10.1007/978-94-007-4602-2, Springer Dordrecht Heidelberg New York London.
4. **Данилова М**., Здравкова В., ОДНЕСУВАЊЕ ПОВРАЗНИ СО КОНСУМИРАЊЕ НА АЛКОХОЛ КАЈ СТУДЕНТИТЕ ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ВО ШТИП, 22. симпозиум на лекарите по општа медицина со меѓународно учество, Скопје, Р. Македонија. 22-24 октомври 2011 г. Зборник на апстракти, Македонски медицински преглед (supl.80), стр.55.

5. Здравкова В., **Данилова М**., ВИЗУЕЛНИ НАРУШУВАЊА ПРИ ПИШУВАЊЕТО, 22. симпозиум на лекарите по општа медицина со меѓународно учество, Скопје, Р. Македонија. Октомври 22-24 октомври 2011 г. Зборник на апстракти, Македонски медицински преглед (supl.80), стр.70.
6. **Данилова, М.**, ПОЈАВА НА ХЕПАТИТ Б И Ц КАЈ ДАРИТЕЛИ НА КРВ ВО КЛИНИЧКАТА БОЛНИЦА ВО ШТИП ВО ТЕКОТ НА 2010 ГОДИНА, XI Семинар за квалитет, контрола, информатика и заштита во медицинска лабораториска дијагностика, 15-19 јуни 2011, Охрид.
7. **Danilova, M.**, Panova, G., Ivanovska, B., PREVENTION OF ALCOHOLISM IN ADOLESCENTS, International summer school "Methods and Prevention in Social work within Mental Health System", 17-22th august Ohrid, 2010 (oral presentation).
8. Jordanovski, J., Peshevska, B., **Danilova, M**., Panova, G., Ilievski, V., PSYCHO-SOCIAL REHABILITATION OF CHILDREN SEXUALLY ABUSED AT PEDOPHILIA AND INCEST, International summer school "Methods and Prevention in Social work within Mental Health System", 17-22th august Ohrid, 2010 (oral presentation).
9. Panova, G., Ivanovska, B., **Danilova, M.**, NEUROPSYCHOLOGICAL PROFILES OF CHILDREN WITH DEVELOPMENTAL DISORDERS, International summer school "Methods and Prevention in Social work within Mental Health System", 17-22th august Ohrid, 2010 (oral presentation).
10. **Данилова, М.**, ПРЕВЕНЦИЈА НА ПОВРЕДИ СО ОСТРИ ПРЕДМЕТИ КАЈ ЛАБОРАТОРИСКИТЕ РАБОТНИЦИ, X Семинар за квалитет, контрола, информатика и заштита во медицинска лабораториска дијагностика, 17-20 јуни 2010, Охрид.
11. **Данилова, М.**, ПОЈАВА НА ХЕПАТИТ Ц КАЈ ДАРИТЕЛИТЕ НА КРВ И НАЧИНИ НА ПРЕВЕНЦИЈА, X Семинар за квалитет, контрола, информатика и заштита во медицинска лабораториска дијагностика, 17-20 јуни 2010, Охрид.
12. Ivanova, N., Spasov, M., Gjorgoski, I., Hadzi-Pertusev, N., **Danilova, M.,** THE INFLUENCE OF COLLAGEN TYPE II INDUCED ARTHRITIS OVER ACTIVITY OF CERTAIN HEPATAL ENZYMES IN WHITE LAB RAT, 33$^{rd}$ International medical scientific congress for medical students and young doctors, 13th - 16th May, Ohrid 2010, Apstract Book, pp 41.
13. Kostovska D., Atova M., Naceva M., **Danilova M**., TBC IN MACEDONIA IN PERIOD 2001-2008, AND VACCINATION, 33$^{rd}$ International medical scientific congress for medical students and young doctors, 13th - 16th May, Ohrid 2010, Apstract Book, pp 58-59
14. Panova G., **Danilova M**., COMMUNICATION WITH CHILDREN FROM DIFFERENT AGES, International workshop "Visions, projects and what is going on in mental health in South East Europe", 21-27$^{th}$ august 2009, Ohrid (oral presentation).
15. Panova G., **Danilova M**., SPECIFICS IN COMMUNICATION WITH CHILDREN, International workshop "Visions, projects and what is going on in mental health in South East Europe", 21-27$^{th}$ august 2009, Ohrid (oral presentation).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната научна и стручна активност на кандидатката, констатиравме дека кандидатката Марина Данилова ги исполнува условите за избор во асистент за научната област/поле *фундаментални медицински науки* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецезентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката Марина Данилова да ја избере во асистент за научна област/поле *фундаментални медицински науки*.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Милка Здравковска, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, член, с.р.**

**Проф. д-р Тане Маркоски, член, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на кандидатката Марина Данилова**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 16 x 3 | 0,5 | 24 |
| Воведување нов програмски јазик или програмска поддршка во наставата | 1 | 2 | 2 |
| **Научноистражувачка** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во Зборник на трудови на научен собир во Р. Македонија | 7 | 1 | 7 |
| Учество на научен собир со реферат-усно предавање во Р. Македонија | 4 | 1,5 | 6 |
| Учество на научен собир со реферат-постер во Р. Македонија | 1 | 1 | 1 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна** | | | |
| Труд во стручно списание во странство | 1 | 6 | 6 |
| Член на факултетски орган (комисија)<br>- Член на Наставно-научен совет<br>- Член на комисија за запишување на студенти<br>- Член на Комисија за доделување на ваучери | 3 | 2 | 6 |
| **Вкупно** | | | **60** |